# Формулар за поднесување коментари

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Љубљанска“, „8-ми Март“ со два крака и „Луј Пастер“ во градот Велес, Општина Велес“**

**Опис на проектот**

Проектните активности за реконструкција на локалните улици „Љубљанска“, „8-ми Март“ со два крака и „Луј Пастер“ ќе се одвиваат во градот Велес во општина Велес. Општината е лоцирана во централниот дел на Република Северна Македонија. На запад се граничи со општините Чашка и Зелениково, на север со општина Петровец и на исток со општините Градско, Лозово и Свети Николе. Според последниот попис одржан во 2021 година, општина Велес брои вкупно 48.463 жители.

Проектните активности за реконструкција на локалните улици „Љубљанска“, „8-ми Март“ со два крака и „Луј Пастер“ ќе се одвиваат во централниот дел на градот Велес. Вкупна должина на сите улици изнесува 1.685 m.

**<u>Улица „Љубљанска“</u>**

Локалната улица „Љубљанска“ се наоѓа во централниот дел на градот Велес и е со вкупна должина од 396 m. Ширината на улицата е променлива. Трасата започнува во близина на влезот на ОУ „Блаже Конески“ и продолжува 396 m јужно. По левата страна на улицата се наоѓа Основното училиште „Блаже Конески“, како и неколку станбени згради, куќи и локални продавници. По десната страна на улицата „Љубљанска“ се наоѓаат претежно индивидуални куќи, како и некои локални продавници. Во последните 100 m од трасата, улицата е многу тесна и има висок потпорен ѕид од левата страна на истата. Улицата е во лоша состојба со надолжни и попречни пукнатини, како и со ударни дупки.

**<u>Улица „8-ми Март“ со два крака</u>**

Локалната улица „8-ми Март“ има два крака кои исто така ќе бидат рехабилитирани. Главниот дел од локалната улица е со должина од 162,7 m, Кракот 1 од улицата е со должина од 95 m, а Кракот 2 е со должина од 97,95 m. Вкупната должина на главниот дел и двата крака изнесува 345,65 m. Улицата и нејзините краци имаат променлива ширина. По улицата „8-ми Март“ и нејзините два крака се присутни само станбени згради и куќи. Улицата е во лоша состојба со повеќе надолжни и попречни пукнатини, како и ударни дупки.

**<u>Улица „Луј Пастер“</u>**

Локалната улица „Луј Пастер“ се наоѓа во западниот дел на градот Велес и е со вкупна должина од 943,62 m. Ширината на улицата е променлива. Почетокот на трасата е на јужна страна, во близина на детско игралиште, а потоа продолжува во правец северо-запад во должина од 943,62 m. По должината на левата страна од улицата има главно индивидуални куќи со жичени огради, додека од десната страна на улицата, покрај детското игралиште на почетокот на трасата, се наоѓа и железничка пруга која го следи правецот на улицата. Исто така, присутен е и пешачки мост над железничката пруга, кој ја поврзува улицата „Луј Пастер“ со улицата „Благој Ѓорев“. Предвидена е реконструкција на постојниот тротоар од десната страна на улицата во првите 120 m од трасата, како и изградба на нов тротоар од десната страна на улицата од km 0+120,00 до km 0+517,06. Улицата е во лоша состојба со надолжни и попречни пукнатини, како и со ударни дупки.

**Електронската верзија на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Љубљанска“, „8-ми Март“ со два крака и „Луј Пастер“ во градот Велес, Општина Велес“ е достапна на следниве веб-страни:**

| | |
|---|---|
| • Општина Велес (https://veles.gov.mk/)<br>• МТВ: http://mtc.gov.mk/<br>• ЕИП: www.wbprojects-mtc.mk | |
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:**<br><br>________________________________<br><br>**тел:**<br><br>________________________________ |
| **Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:** | |
| **Потпис**<br><br>________________________ | **Дата**<br><br>______________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Љубљанска", „8-ми Март" со два крака и „Луј Пастер" во градот Велес, Општина Велес", ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Сашка Богданова - Ајцева**

**Е-пошта: saska.bogdanova.ajceva.piu@mtc.gov.mk**

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Љубљанска", „8-ми Март" со два крака и „Луј Пастер" во градот Велес, Општина Велес"**

**(датум на објава: …….)**

**Референтен број: _______________________________**

(**пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот**)